РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2351/4
16-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------------------- од -----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 42-та седница, продолжение одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2351 од 2020 година, оформен врз основа на пријава со број 12-2351/1 од 06.07.2020 година, доставена од подносителот ------------------------- од -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2351 од 2020 година, за предметниот случај се постапува од друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2351 од 2020 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2351 од 2020 година е оформен врз основа на пријава со број 12-2351/1 од 06.07.2020 година, доставена до ДКСК од подносител ------------------------- од -----------.

Во добиената пријава изнесени се наводи против Фондот за ПИОМ - Одделение за оцена на работна способност Скопје, поради не постапување по предмет доставен од страна Фондот за ПИОМ - Стручна служба - Филијала -----------,од 28.01.2020 година.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и заради утврдување на целокупната фактичка состојба по оформениот предмет, достави барање до Фондот за ПИОМ - Одделение за оцена на работна способност Скопје за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметниот случај.

На барањето на ДКСК доставени се бараните податоци и информации и по разгледување на целокупната документација за предметниот случај утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај станува збор за предмет кој се водел во Фондот за ПИОМ - Стручна служба - Филијала ----------, во кој било донесено решение од 20.03.2018 година со кое подносителот на пријавата се стекнал со право на инвалидска пензија во износ од 18.829,00 денари, сметано од ден 15.12.2019 година.

Незадоволен од донесеното решение, подносителот поднел жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен која на ден 15.11.2018 година донела решение со кое му ја одбила жалбата како неоснована. По ова подносителот на пријавата вложил тужба и бил заведен спор пред Управен суд на РСМ која била усвоена од судот и со пресуда од 06.11.2019

година, предметот бил вратен до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос , во втор степен на повторно постапување, а која донела решение од 16.01.2020 година со кое жалбата на подносителот била усвоена и предметот вратен на повторно разгледување и одлучување на Фондот за ПИОМ - Стручна служба - Филијала -------- со дадени напатствија за донесување на законито решение. Решението било доставено до Фондот на ден 23.01.2020 година.

На 28.05.2020 година подносителот на пријавата поднел ургенција до Фондот за ПИОМ - Филијала ---------- – Стручна служба , за постапување по неговиот предмет, односно по Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со напомена дека ќе се обрател и до Државниот управен инспекторат доколку не добиел одговор на неговото барање, а поради неажурното постапување на Фондот. На 29.05.2020 добил одговор дека предметот бил испратен на надлежно постапување до Фондот за ПИОМ - Одделение за оцена на работна способност Скопје на ден 28.01.2020 година и дека се уште не им бил вратен назад.

- На 01.09.2020 година по барање на ДКСК доставено е известување од Фондот за ПИОМ со кое се известува дека: предметното барање за остварување право на инвалидска пензија било поднесено на 27.10.2014 година; од страна на Комисијата за оцена на работна способност биле донесувани Решенија со кои утврдила дека не постои ни општа ни професионална неспособност за работа, а по кои барателот незадоволен од исходот водел неколкупати второстепени постапки и постапки пред Управен суд; било постапено и од Комисијата за ревизија при Министерството за труд и социјална политика која на 15.12.2016 година, утврдила дека кај именуваниот постои општа неспособност за работа настаната како последица на болест сметано од 02.12.2016 година; со овој наод прв пат било утврдено постоење на општа неспособност со право на пензија и со решение од 30.01.2017 година, на именуваниот му било признато право на инвалидска пензија сметано од 02.12.2016 година; и против ова решение именуваниот водел второстепени постапки бидејќи ја обжалувал датата на настанатата инвалидност, па во исполнение на второстепено решение, повторно со МИСЛЕЊЕ од Комисијата за ревизија од 28.12.2017 година, утврдено било постоење на општа неспособност од 81% сметано од 15.12.2016 година и со решение од 20.03.2018 година, признато му е право на инвалидска пензија сметано од 15.12.2016 година; против ова решение заведен бил управен спор и со Пресуда на Управниот суд од 21.02.2019 година, тужбата била одбиена како неоснована, но со пресуда на Вишиот Управен од 06.11.2019 година било поништено решението на Државната Комисија од 15.11.2018 година и предметот бил вратен на повторна постапка; во Пресудата биле дадени насоки дека се донесени два различни наоди со различни дати на настаната инвалидност за иста дијагноза и иста медицинска документација, која била приложена во предметот а надлежната комисија не образложила од кои причини биле дадени различни дати на инвалидност, поради што во повторна постапка правилно да се утврди фактичката состојба; согласно член 131 став 5 од ЗПИО, Комисијата за оцена на работната способност и Комисијата за задолжителен контролен преглед биле должни да постапат по мислењето дадено во постапката за ревизија и да донесат нов наод, оцена и мислење односно донесуваат наод согласно даденото мислење од Комисијата за ревизија.

На крајот, Фондот за ПИОМ известува дека постапката по предметниот случај била се уште е во тек и не била завршена од причина што Комисијата за оцена на работна способност поради настаната пандемија со COVID 19 за време на траењето на вонредната состојба не работела со странки и сега со започнувањето на работата именуваниот ќе добиел покана за непосреден преглед во најбрз можен рок.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека од страна на подносителот на пријавата биле искористени сите правни лекови во врска со предметниот случај и дека од страна на сите

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

надлежни органи до кои се обратил било постапено во рамките на нивната надлежност, а воедно за предметниот случај се води постапка пред друг надлежен орган, Комисијата за оцена на работна способност при Фондот за ПИОМ, која се уште не била завршена. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган и дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 2351/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил: Б.И. Претседател на ДКСК